Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore
Примено: 17.04.2026
Орг.един. | Број: 09-535/5 | Прилог: | Вредност:

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINA KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 11-228/2
06.04.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 54 став (1) точка 2.18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 април 2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на Извештај на службеникот за усогласеност за спроведување плановите за програмата за усогласеност за 2025 година**

1. Со ова решение се одобрува Извештајот на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за програмата за усогласеност за 2025 година бр.11-228/1 од 13 февруари 2026 година.
2. Извештајот од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 207 став (8) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/25 и 135/25), службеникот за усогласеност на операторот на системот за пренос на природен гас, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје), со допис бр.09-535/2 од 30 јануари 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Извештај, насловен како, Годишен извештај за следењето на плановите за програмата на усогласеноста на работењето на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување во период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.11-228/1 од 13 февруари 2026 година.

Согласно член 54 став (1) точка 2.18 од Законот за енергетика* Регулаторната комисија за енергетика го одобрува годишниот извештај на службеникот на усогласеност за спроведување на плановите за програмата за усогласеност.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа доставениот Извештај и на 6 април 2026 година одржа седница на која што донесе Решение за одобрување на Извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за програмата за усогласеност за 2025 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.11-228/2**
**6 април 2026 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на**
**Регулаторн комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Lirim Sulejmani**

Прилог:

- Годишен извештај за следењето на усогласеноста на работењето на НОМАГАС АД Скопје во период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година бр.11-228/1 од 13 февруари 2026 година